**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11- 1306/2
Датум:13.05.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација за објект за домување на ул.„Новопланирана улица 3“ бб , УЗ Влае 1, Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 10.05.2022 година изврши увид на лице место на ул.„ Новопланирана улица 3“ бб по барање на инвеститорот ПИЛЛАР ИНК ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Антон Панов” бр.20/1 за изведба на приклучок на водоводна мрежа и фекална канализација .

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложениот графички прилог од хидротехнички услови број 1305-1412/2 од 12.05.2020 година издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши преку предвидена водоводна мрежа која треба да се поврзе со постојна водоводна мрежа Ф80мм (Ф=100 мм) со профил на водоводен приклучок Ф=80 мм во должина од 1м (измерено на терен надолжен прекоп на асфалтна подлога во должина од 40м).

Фекалната и технолошките води од објектот се предвидува да се одводнат преку предвидена фекална канализација која треба да се вклучи во постојна фекална канализација Ф300мм на ул.„Франце Прешерн“ ,со профил на фекален приклучок Ф=150мм во должина од 2м( измерено на терен попречен прекоп на асфалтна подлога во должина од 4м).

За горе наведените приклучоци по хидротехничките услови предвидени се да се изведат ископите на ровот со надолжен и попречен прекоп на алфалтната подлога на ул.“Новопланирана улица 3 “ бб .

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 14.160 денари со вклучено ДДВ, за надолжен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 47.200 денари со вклучено ДДВ, вкупно да уплати износ од 61.360 денари со вклучено ДДВ.

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба.Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките,останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новиот приклучок, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски